## Прво соопштение

## „Конференција за образованието по природни науки и математика“

**Скопје, 23 - 24 март 2018**

**Организатори**

Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Друштво на физичарите на Република Македонија (ДФРМ)

**Коорганизатори**

Сојуз на математичари на Македонија (СММ)

**Поддржувачи**

Министерство за образование и наука на Р. Македонија (МОН)
Биро за развој на образованието (БРО)

**Основна цел**

Целта на конференцијата е во време на чести реформи во образованието, преку предавања, излагања, дискусии, да се изведат заклучоци за состојбите во образованието, за потоа истите да се искористат за подобрување на идните стратегии и правци за престојните промени.

Како наставен кадар и директни актери во образованието, сите ние чувствуваме потреба личните искуства да ги споделиме и низ разни активности на научен собир да ги согледаме потребите на учениците и наставниците, знаењето на учениците, оценувањето и постигнувањата на учениците во редовната настава и на меѓународните тестови, наставните планови и програми, методолошките пристапи, сите забелешки за и против Кембриџ програмите, користената литература, фондот на часови по природни науки и математика, модернизацијата на образованието – кога и како, професионалното усовршување на наставниот кадар, премините од предучилишно во основно образование и од основно во средно образование, дисконтинуитетот при ваквите премини, компатибилноста на наставните програми со потребите, инфраструктурната подготвеност на училиштата (лаборатории, практична настава), работата со талентираните ученици и се друго поврзано со работата во образовниот процес.

Ве покануваме, да земете активно учество во работата на конференцијата и директно да придонесеме сите за подобро образование на нашите ученици.

| | |
|---|---|
| **Учесници** | Одделенски наставници (математика и природни науки), наставници по природни науки, наставници по математика, физика, хемија и биологија во основните и средните училишта, универзитетски наставен кадар, директори на училиштата, советници, инспектори, државни службеници од МОН, БРО, ДИЦ, Државен просветен инспекторат и др. |
| **Очекувања** | Преку предавања на поканети предавачи од регионот, усни презентации, тркалезна маса и дискусија, учесниците да се запознаат со добри практики во регионот, да се согледаат сите добри страни и недостатоци на образованието по природни науки и математика во Македонија и врз основа на излагањата на учесниците на собирот и зборникот на трудови што ќе биде издаден, да се донесе заклучок за потребите, предизвиците, формите и правците каде треба да се насочиме при реформите во образованието по природни науки и математика. |

| | |
|---|---|
| **Јазик на конференцијата** | македонски |
| **Време на одржување** | 23 - 24 март 2018 |
| **Место на одржување** | Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ)<br>Булевар Крсте Петков Мисирков бр. 2, 1000 Скопје |
| **Котизација** | 600 денари (за учесници од Р. Македонија)<br>20 € (за учесници од странство) |

**Важни датуми (крајни рокови за испраќање)**

| | |
|---|---|
| Пријава за учество (word документ)* | **15.2.2018** |
| Наслов и проширен апстракт<br>на предавањето (или готов труд)* | **25.2.2018** |
| Плаќање котизација | **10.3.2018** |

*Пријавата, проширен апстракт (или труд) се праќаат на dfrm.conference@gmail.com
Само готовите трудови испратени до 25.2.2018 година ќе бидат печатени во Зборникот на трудови што ќе биде печатен пред одржување на Конференцијата.

**Контакти:**
За финасии и организациони прашања
Доц. д-р Ристе Попески Димовски, 070 339 103, dfrm.conference@gmail.com

За стручни прашања, природни науки и математика
Доц. д-р Боце Митревски, 078 278 545, bocemitrevski@gmail.com
Доц. д-р Анета Гацовска Барандовска, 070 260 811, agacovska@gmail.com

Повеќе информации на: www.dfrm.org http://im-pmf.weebly.com http://www.smm.com.mk

Во име на Организациониот одбор
Доц. д-р Боце Митревски
Претседател на ДФРМ